*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
***Одделение за образование***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 18/2017, 04/2018), како и врз основа на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година бр. 09–3199/16 од 23.04.2018 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 04/2018), Општина Карпош распишува

## О Г Л А С
**за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието**
**за физички и правни лица за 2018 година**

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот

Правни лица

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот,
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

1. Краток опис на активностите од предходните години,
2. Домашни и меѓународни настапи и организирање на манифестации од областа на образованието
3. Постигнати успеси во последните 3 (три) години.

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2018 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

Општина Карпош